





## ПРОЕКТОТ „ПОДДРШКА ЗА РАЗВОЈ НА ЗЕМЈОДЕЛСКИТЕ ЗАДРУГИ“ ОПФАЌА:

- Обезбедување сеопфатна законска рамка која ќе ги поттикнува и поддржува земјоделските задруги и ќе го олесни регистрирањето и функционирањето на задругите.
- Студиски посети на добри практики во земјите на ЕУ/регионот за избрани земјоделски задруги.
- Градење на капацитетите и финансиска поддршка за чадор-организацијата со цел придржување кон принципите на демократско владеење и функционална независност, како и зајакнување на нејзината улога за поддршка и развој на земјоделските задруги во земјата;
- Подигање на свеста кај индивидуалните земјоделски групи за признавање на земјоделските задруги како средство за постигнување дополнителна продуктивност и ефикасност во земјоделскиот сектор.
- Процена на потребите, техничка и финансиска поддршка за 8 постоечки и 12 нови задруги. Техничката поддршка ќе опфаќа, но не е ограничена на теми од видот на бизнис-менаџмент и дефинирање добри бизнис-идеи, идентификација, преговарање и воспоставување односи за обезбедување пласман, можности и начини на аплицирање за постојните шеми за поддршка на земјоделски задруги.

**Проектот е со времетраење од 38 месеци.**

**Проектот е спроведуван од:**


care®

ул. „Никола Парапунов“ бр. 41, 1060 Скопје
тел. +389 2 3087 977
care.macedonia@care.org

**www.care-balkan.org**

МАКЕДОНСКА РАЗВОЈНА ФОНДАЦИЈА ЗА ПРЕТПРИЈАТИЈА

ул. „Никола Парапунов“ бр. 41а, 1060 Скопје
тел. +389 2 3088 988
zadrugi@mrfp.mk

**www.mrfp.mk**



Оваа публикација е подготвена со помош на Европската Унија. Содржината на оваа публикација е единствена одговорност на ЦАРЕ и МРФП и во никој случај не може да се смета дека е одраз на гледиштата на Европската Унија.



**Проектот е финансиран од Европската Унија.**

ЕУ за ТЕБЕ!


ИПА Програма за земјоделство и рурален развој

# ПОДДРШКА ЗА РАЗВОЈ НА ЗЕМЈОДЕЛСКИ ЗАДРУГИ



ЗАЕДНО Е ПОДОБРО!

**Проектот е спроведуван од:**


care®

МАКЕДОНСКА РАЗВОЈНА ФОНДАЦИЈА ЗА ПРЕТПРИЈАТИЈА

## ЦЕЛИ НА ПРОЕКТОТ

Општата цел на проектот е да придонесе кон поголема продуктивност и конкурентност на земјоделскиот сектор во земјата.

Специфичната цел на проектот е зголемување на пазарната конкурентност и соработката меѓу земјоделците во земјата, преку создавање поволни услови за развој на постоечките и создавање нови земјоделски задруги.

## ЦЕЛНИ ГРУПИ

30 постоечки земјоделски задруги и 30 групи земјоделци кои сакаат да формираат нови задруги ќе учествуваат во инфосесиите и обуките за развој на бизнис-планови.

20 земјоделски задруги (8 постоечки и 12 новорегистрирани) ќе добијат проектни подгрантови, обуки и менторство.

МЗШВ ќе добие поддршка за ревизијата на политиките и подобрувањата на системот на следење на развојот на земјоделските задруги.

## КОРИСНИЦИ НА ПРОЕКТОТ

Сите граѓани и земјоделци кои се вклучени во земјоделското производство.

Проектот нема ограничувања во однос на регионите и е отворен за сите заинтересирани целни групи во земјата, без оглед на возраста, полот и етничката припадност.

## РЕЗУЛТАТИ

### РЕЗУЛТАТ 1.

Ревидирана правна рамка за земјоделски задруги преку соработка на проектниот тим, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство (МЗШВ) и чадор-организацијата на земјоделските задруги.

### РЕЗУЛТАТ 2.

Зајакнати капацитети на избраната чадор-организација на земјоделските задруги.

### РЕЗУЛТАТ 3.1.

Зголемена свест меѓу земјоделците, бизнисите и пошироката јавност за придобивките од задругите.

### РЕЗУЛТАТ 3.2.

Креирана база на податоци за земјоделски задруги.

### РЕЗУЛТАТ 4.

Обезбедена техничка и финансиска поддршка за развој на 8 постоечки и за формирање 12 нови земјоделски задруги.

## ВКЛУЧЕТЕ СЕ!

Во проектот ќе може да се вклучат сите постоечки земјоделски задруги и индивидуални земјоделци кои имаат намера да основаат нови земјоделски задруги.

Проектот е отворен за сите земјоделци и земјоделски задруги од сите региони во земјата.

Во рамките на проектот ќе се објавуваат отворени повици за изразување интерес преку кои ќе бидете навремено информирани за можностите што ги нуди проектот.

**За повеќе информации следете ја веб-страницата на проектот www.zadrugi.mk или контактирајте со нас на care.macedonia@care.org и на zadrugi@mrfp.mk.**

## ЗОШТО ЗЕМЈОДЕЛСКИ ЗАДРУГИ?

### ПОНИСКИ ЦЕНИ НА РЕПРОМАТЕРИЈАЛИ

Преку заедничката набавка на репроматеријали, се овозможува пониска набавна цена за членовите на задругите – активност која секако индивидуалните земјоделци ја спроведуваат, а преку задругата можат за истата да заштедат.

### ПРЕРАБОТКА И ПРОИЗВОДСТВО

Со заеднички преработувачки погони, се постигнува поголем обем за преработка и се пласираат поголеми количини на производи кои се унифицирани.

### ПОВИСОКИ ЦЕНИ НА ГОТОВ ПРОИЗВОД

Преку здружено пласирање на готовиот производ, се обезбедува посигурен пласман и подобри откупни цени, односно поголем профит. На ваков начин членовите имаат рамноправна улога во одредување на цената на пазарот.



## 7 ПРИНЦИПИ НА ЗЕМЈОДЕЛСКИ ЗАДРУГИ:

1. ДОБРОВОЛНО ЧЛЕНСТВО;
2. ДЕМОКРАТСКО УПРАВУВАЊЕ ОД ЧЛЕНСТВОТО;
3. ЕКОНОМСКО УЧЕСТВО НА ЧЛЕНОВИТЕ;
4. САМОСТОЈНОСТ И НЕЗАВИСНОСТ;
5. ОБРАЗОВАНИЕ, ОБУКА И ИНФОРМАЦИЈА;
6. МЕЃУСЕБНА СОРАБОТКА;
7. ГРИЖА ЗА ЗАЕДНИЦАТА.